РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-191/4
21 07 2021 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 165 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 19 седница одржана на 01.06.2021година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Машинство", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Машинство",**"**, трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на техничко - технолошки науки од областа на Машинството /во меѓународен промет академски назив: Doctor of science in mechanical engineering.

4. Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки

Научно – истражувачко поле: Машинство, Енергетика, Контрола на квалитет, Материјали, Животна средина, Сообраќај и транспорт, Градежништво и водостопанство, Регулација и управување со технолошки процеси, Организациони науки и управување (менаџмент).

Научно – истражувачка област: Области кои кореспондираат на изучуваните предметни програми во студиската програма, а припаѓаат во горе наведените научно-истражувачки полиња.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Проф. д-р Атанас Кочов, проф. д-р Дарко Данев, проф. д-р Милан Ќосевски, проф. д-р Зоран Пандилов, проф. д-р Зоран Марков, проф. д-р Виктор Гаврилоски, проф. д-р Доне Ташевски, проф. д-р Предраг Поповски, проф. д-р Златко Петрески, проф. д-р Татјана Кандикјан, проф. д-р Владимир Дуковски, проф. д-р Ристо Филкоски, проф. д-р Милан Шаревски, проф. д-р Софија Сидоренко, проф. д-р Иван Мицкоски, проф. д-р Атанаско Тунески, проф. д-р Ристо Ташевски, проф. д-р Глигорче Вртаноски, проф. д-р Валнтина Гечевска, проф. д-р Јасмина Чалоска, проф. д-р Васко Шаревски, проф. д-р Ана Лазаревска, проф. д-р Даме Димитровски, вон. проф. д-р Дарко Бабунски,

вон. проф. д-р Мите Томов, вон. проф. д-р Емил Заев, вон. проф. д-р Кристина Јакимовска, вон. проф. д-р Иле Мирчески.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 02-316/9 од 26.02.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Машинство", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 191/1 од 12.03.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 191/3 од 09.06.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 19-та седница одржана на 01.06.2021година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски